Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 73 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 17 МАРТ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од седумдесет и третата седница на Државната изборна комисија

Седумдесет и третата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 17 март 2014 година ( понеделник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 16:10 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Се извини на присутните медиуми поради каснењето со започнувањето на Седницата со образложение дека Членовите на ДИК беа ангажирани околу постапките за јавни набавки во врска со изборниот процес.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1. Разгледување на Барањето на Група Избирачи – Иљаз Халими во врска со логото кое ќе се користи на Претседателските избори 2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, констатира дека Комисијата не е во полн состав, три члена на ДИК се отсутни, а со оглед на карактерот на точката по која треба да се расправа, предлага Седницата да се одложи за утре.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека мисли дека од едно обично Барање на Група Избирачи – Иљаз Халими во врска со логото кое ќе се користи на Претседателските избори 2014 година не треба да се прави фама затоа што ништо не се бара. Кандидатите за претседател на Република Македонија дадоа согласност од политичките партии ГРОМ, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ за користење на симболите на тие политички партии. Во рок од 48 часа и Група Избирачи – Иљаз Халими обезбеди согласност од политичката партија Демократска Партија на Албанците – ДПА да го користи симболот на партијата за претстојните Претседателски избори 2014 година. Се уште нигде не е објавена Листата на кандидати за претседател на Републиката. Се работи за обично барање и ништо не се менува. Не се менува кандидатот, ниту потписите, ниту Групата Избирачи - Иљаз Халими. Според него има интенција да не се удоволи на ова Барање. Се е во рамките на законот, само се работи за користењето на логото на партијата ДПА од страна на Групата Избирачи – Иљаз Халими на Претседателските избори.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му заблагодари на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, на образложението. Поради тоа што не се присутни 3 Члена на ДИК на оваа Седница смета дека не може да се расправа комплетно. Повторно предложи да се одложи Седницата со заеднички договор на сите присутни членови, иако тој може да го искористи правото сам да одлучи да се одложи Седницата и да се презакаже за утре.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека е тој против одлагањето на Седницата.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, го искористи своето право и кажа дека оваа Седница се одлага за утре, а во колку саат ќе се одржи сите ќе бидат благовремено известени. Седницата заврши во 16:15 часот.

Одложената 73 – та Седница на ДИК продолжи на ден 18.03.2014 година со почеток во 16:10 часот.

На продолжувањето на 73- тата Седница на ДИК присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го отвори продолжувањето на 73-тата Седница на ДИК. Констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно. Објасни дека 73-тата Седница беше вчера закажана но со оглед на тоа што истата беше одложена денес продолжува со единствената точка на дневен ред:

1. **Разгледување на Барањето на Група Избирачи – Иљаз Халими во врска со логото кое ќе се користи на Претседателските избори 2014 година;**

Заради целисходност и економичност на водењето на Седниците Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи на продолжувањето на 73-тата Седница на ДИК да се води расправа по следните точките, односно по следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 70 – тата Седница на ДИК и Записникот од 71 – та Седница на ДИК одржани на 14.03.2014 год. и Записникот од 72 – та Седница на ДИК одржана на 17.03.2014 година;**

**2.Разгледување на Барањето на Група Избирачи – Иљаз Халими во врска со логото кое ќе се користи на Претседателските избори 2014 година;**

**3.Предлог Правилник за реализација на средства за спроведување на избори;**

**4.Предлог Упатство за начин за реализација на средства определени од Државната изборна комисија за спроведување на избори од страна на Општинските изборни комисии;**

**5.Предлог Одлука за доделување на средства за тековни трошоци и транспортни трошоци за претседател на Општинска изборна комисија за две обиколки до најдалечна дестинација на избирачки места, за спроведување на избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.03.2014 година;**
**6.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**7.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**8.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска и Амбасадата на Република Турција за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 год. и Амбасадата на Германија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**
**9.Случаен избор за именување на членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членот 38 став (4) од Изборниот законик;**
**10.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред од продолжувањето на 73 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 70 – тата Седница на ДИК и Записникот од 71 – та Седница на ДИК одржани на 14.03.2014 год. и Записникот од 72 – та Седница на ДИК одржана на 17.03.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по предложените Записници. Никој не се јави за збор и Записниците се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од 70 – тата Седница на ДИК и Записникот од 71 – та Седница на ДИК одржани на 14.03.2014 год. и Записникот од 72 – та Седница на ДИК одржана на 17.03.2014 година.**

**Точка 2:**
**Разгледување на Барањето на Група Избирачи – Иљаз Халими во врска со логото кое ќе се користи на Претседателските избори 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, воведно излагање по оваа точка му даде на Бедредин Ибраими, Член на ДИК.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека ДИК донесе соодветно Решение за утврдување на листа на кандидати за претседател на Република Македонија. Решението е доставено до сите овластени претставници на кандидатите кои се предложени за претседател на Република Македонија. Во секоја правна држава се проверува дали по доставување на решение ќе има некаков приговор. Група

избирачи- Иљаз Халими, во предвидениот законски рок од 48 часа, по добиената согласност за користење на новото лого од Демократската партија на Албанците – ДПА, достави барање со кое го повлекува симболот што го има доставено првично. За претстојните претседателски избори Група избирачи - Иљаз Халими ќе го користи симболот на политичката партија ДПА, исто како што и останатите три претседателски кандидати ќе го користат симболот на политичките партии ГРОМ, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Барањето е доставено навремено, а денес до 24:00 часот е последен рок на објавувањето на утврдената единствена листа на кандидати за претседател на Република Македонија. До овој рок може да се повлече логото и да се предложи ново лого.Предлага согласно Изборниот законик, да се удоволи на барањето на Група избирачи - Иљаз Халими и да им се овозможи да го користат симболот на политичката партија ДПА за претстојните претседателски избори.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој меѓу другото кажа дека кога беа поднесувани листите на кандидати за избор на претседател на Република Македонија, Група избирачи - Иљаз Халими да го доставела овој симбол ќе беше во ред. Но тие имаа доставено симбол кој малку се разликуваше од симболот на политичката парија ДПА и заради тоа тој бил воздржан во гласањето бидејќи симболот не бил ист како на партијата. Смета дека кандидатите немаат право да ги користат истите симболи како симболите на политичките партии, со тоа се нарушуваат членовите 64 и 65 од Изборниот законик и членот 81 од Уставот на Република Македонија. ДИК има донесено Обрасци за потврдување на листите на кандидати за претседател. Листите се потврдени и ова е конечно. После ова може само да се поднесе тужба до Управен суд. Сега ако ДИК донесе друга одлука ова ќе биде преседан. Само во случај на смрт на кандидат може да се повлече листата. Тоа е друга постапка. Тој не гледа никаков Предлог Заклучок или Предлог Решение по оваа точка.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека Решението за утврдените листи на кандидати за претседател на Република Македонија ќе се смени и ќе се донесе на оваа Седница друго Решение.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека е Изборниот законик, легс специјалис и го прочита членот 67 ставовите (2), (3), (4) (5) и (6). Според Изборниот законик нема никаква можност, по каков и по кој образец ќе се повлече ова решение и каква одлука или решение ДИК ќе донесе. Оваа точка е беспредметна и ова барање е беспредметно.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека ДИК има барање и тој ова барање го смета како известување дека Група избирачи - Иљаз Халими го повлекува логото и ќе го користи логото на политичката партија ДПА. ДИК не решава по обрасци. Само овој кандидат имаше друго лого и само поради почитување на начелото на рамноправност и еднаквост на сите кандидати за претседател на Република Македонија треба да се удоволи на барањето на Група избирачи - Иљаз Халими.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека се затвара расправата. Произлезе од дискусиите покрај барањето на Група избирачи - Иљаз Халими и Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи со друго убедување.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека тој нема предлог, има само мислење дека по ова барање треба да се направи Предлог Заклучок за да ДИК го усвои. Нема Предлог Заклучок, а таков акт требаше да има сега. Тој ќе се искаже со гласање по ова барање.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го повлече претходно кажаното.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека и тужба може да се поднесе на записник. На оваа Седница се води Записник и истата се снима.

Кажува Предлог Заклучок :Да се удоволи на барањето на Група избирачи - Иљаз Халими за претседателските избори да го користат логото на политичката партија Демократската партија на Албанците – ДПА.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека Бедредин Ибраими во својот Предлог Заклучок треба да се повика на членот 34 од Привремениот Деловник на ДИК.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја затвори расправата. Кажа дека ДИК има Предлог Заклучок на Бедредин Ибраими, Член на ДИК. ДИК да се произнесе во врска со Предлог Заклучокот на Бедредин Ибраими и барањето на Група избирачи - Иљаз Халими за повлекување на симболот што го има доставено првично, а за претстојните претседателски избори ќе го користи симболот на политичката партија ДПА.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на барањето на Група избирачи - Иљаз Халими за повлекување на симболот што го има доставено првично, а за претстојните претседателски избори ќе го користи симболот на политичката партија Демократска Партија на Албанците - ДПА и 1 Член се изјасни " ПРОТИВ " прифаќање на барањето.**

**Се констатира дека со мнозинство на гласови е прифатено барањето на Група избирачи - Иљаз Халими за повлекување на симболот што го има доставено првично, а за претстојните претседателски избори ќе го користи симболот на политичката партија Демократска Партија на Албанците – ДПА.**

**Точка 3:**
**Предлог Правилник за реализација на средства за спроведување на избори;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка.Никој не се јави за збор и Предлог Правилникот за реализација на средства за спроведување на избори е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Правилникот за реализација на средства за спроведување на избори.**

**Точка 4:**
**Предлог Упатство за начин за реализација на средства определени од Државната изборна комисија за спроведување на избори од страна на Општинските изборни комисии;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој даде објаснување. Се работи за Упатство со кое се утврдува начинот за реализација на средства определени од Државната изборна комисија за спроведување на избори од страна на Општинските изборни комисии. Во прилог на ова Упатство има и Финансиски извештај со точки А. Рекапитулар, Б.Спецификација на приходи и трошоци и Ц. Образложение, со упатство на пополнување на образец Ф1 и прилози. Има дневник на трошоци и формулар за присуство на работа. Упатството е добри изработено од Секторот за финансиско работење со сите потребни податоци. ДИК треба да го усвои.

Предлог Упатството за начин за реализација на средства определени од Државната изборна комисија за спроведување на избори од страна на Општинските изборни комисии е ставено на гласање.

Во моментот беа присутни 6 Членови на ДИК.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Упатството за начин за реализација на средства определени од Државната изборна комисија за спроведување на избори од страна на Општинските изборни комисии.**

**Точка 5**

**Предлог Одлука за доделување на средства за тековни трошоци и транспортни трошоци за претседател на Општинска изборна комисија за две обиколки до најдалечна дестинација на избирачки места, за спроведување на избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.03.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој даде објаснување по оваа точка. Оваа Одлука ги опфаќа сите 80 ОИК и финансиските средства се одредени по големината на општината и по бројот на ИО.Средствата определени во Одлуката ќе се користат за тековните трошоци што настануваат во врска со извршување на изборните активности, односно за тоа што е предвидено во Правилникот за реализација на средства за спроведување на избори. За потрошените средства на име тековни трошоци задолжително се доставува соодветна документација. Оваа Одлука можеби е малку закаснета но се знае дека ДИК имаше проблеми со финансиските средства за изборен процес. Одлуката е добро направена и треба да се усвои.

Предлог Одлуката за доделување на средства за тековни трошоци и транспортни трошоци за претседател на Општинска изборна комисија за две обиколки до најдалечна дестинација на избирачки места, за спроведување на избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.03.2014 година, е ставена на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за доделување на средства за тековни трошоци и транспортни трошоци за претседател на Општинска изборна комисија за две обиколки до најдалечна дестинација на избирачки места, за спроведување на избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.03.2014 година. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 6:**

**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка. Материјалот туку што е добиен.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој даде објаснување по оваа точка. Имаме Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК.За Парламентарните избори тече рокот за пријавување и пополнување на обрасците за гласање на нашите граѓани во странство од 6.03.2014 год. до 30.03.2014 година. До сега имаме мал број на пријави, односно вкупно 143 решенија од кои бројот на позитивните решенија е 128 , а бројот на решенија за одбиени пријави е 15, од кои 13 решенија поради тоа што лицата ги нема со

звездичка и немаат приложено докази а 2 лица ги нема во Избирачкиот список. Сите одбиени лица се прочитани по име и презиме.Работната група ги проверува сите поднесени барања со доставените документи. ДИК ќе ги извести веднаш граѓаните за исходот на нивното барање за да можат да постапат. Смета дека вака предложените решенија треба да се усвојат.

Расправата се затвори и Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

**Точка 7:**

**Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека од прегледот на Обрасците се гледа дека утврдената методологија за Избирачкиот список е добра. Матичната служба функционира, има починати лица кои ќе бидат избришани од Избирачкиот список и ова е за пофалба.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски,кажа дека покрај Прегледот има и Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, кој се става на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 8:**

**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска и Амбасадата на Република Турција за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 год. и Амбасадата на Германија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување по оваа точка. Од стручните служби е потврдено дека Барањата за добивање овластувања за набљудувачи за претстојните избори ги исполнуваат условите и дека треба да се прифатат. Барањата се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска и Амбасадата на Република Турција за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 год. и Амбасадата на Германија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

**Точка 9:**

**Случаен избор за именување на членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членот 38 став (4) од Изборниот законик;**

Секторот за информатичка технологија ја направи техничката подготовка за случаен избор на членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членот 38 став (4) од Изборниот законик.

Случајниот избор го водеше Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа со оглед дека одредени политички партии немаат доставено свои членови и заменици членови, Избирачките одбори во ДКП мора да се дополнат согласно Изборниот законик од редот на јавната и државната администрација водејќи сметка за етничката и половата припадност на лицата кои се избираат.

По пат на случаен избор дополнети се Избирачките одбори во ДКП во Тирана, Брисел, Софија, Копенхаген, Париз, Берлин, Бон, Минхен, Рим, Хаг, Букурешт, Белград, Љубљана, Стокхолм, Анкара, Прага, Приштина, Отава, Вашингтон, Њујорк и Пекинг.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е извршен случаен избор за именување на членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членот 38 став (4) од Изборниот законик.

**Точка 10:**
**Разно**

По точката "Разно" никој не се јави за дискусија.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и третата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**73-та седница на Државната изборна комисија заврши во 17:25 часот.**

**Број** 07-1020/3
19.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**